--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------**О Д Л У К А**----------------------------------------------------------

**за усвојување на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година ревидирани од Друштвото за ревизија "Мур Стивенс ДОО Скопје" и Мислење од Надзорен одбор на Банката за извештаите на независниот ревизор за извршената ревизија за финансиските извештаи на Стопанка банка а.д. Битола за 2018 година .**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВААТ финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година составени од Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година и Билансот на успех,Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот, Извештајот за паричните текови за годината завршена на 31.12.2018 година и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија и финансиските извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување ревидирани од страна на Друштвото за ревизија "Мур Стивенс ДОО Скопје" .

СЕ УСВОЈУВА Мислење од Надзорен одбор на Банката за извештаите на независниот ревизор за извршената ревизија за финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година.

**Член 2**

Усвоените финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година ревидирани од страна на Друштвото за ревизија "Мур Стивенс ДОО Скопје" според регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија и според Меѓународните стандарди за финансиско известување и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор на Банката се составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието на акционери.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**СЕДМА ТОЧКА.**Председавачот предложи да се премине кон работниот дел од дневниот ред од седмата точка од дневниот ред, Годишна сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година ,со прилог Предлог - одлука за усвојување на годишната сметка кои се читаат.------------

Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година ,со прилог Предлог - одлука за усвојување на годишната сметка се објавени на интернет страницата на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и истите беа ставени на увид на сите акционери и се составни делови на материјалите за ова Собрание. Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред никој не се јави за дискусија,председавачот предложи да се премине кон гласање на седмата точка од деневниот ред.-----------------------------------------------------------

Акционерите со 239.455 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната-------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------**О Д Л У К А**----------------------------------------------------------

за усвојување на Годишна сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишна сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година со следните биланси:

Биланс на состојба на 31.12.2018 година .

Биланс на успех од 1.1 до 31.12.2018 година .

**Член 2**

Во Билансот на состојба се искажани следните состојби:

Вкупна актива 10.348.682.027,00 денари

Вкупна пасива 10.348.682.027,00 денари

**Член 3**

Во Билансот на успех за утврдување на добивката вкупните приходи и расходи изнесуваат:

-Приходи 689.145.913,00 денари

-Расходи 650.232.645,00 денари

-Бруто-добивка 38.913.268,00 денари

**Член 4**

Остварената бруто-добивка изнесува 38.913.268,00 денари и се состои од :

-Данок на добивка 4.483.545,00 денари

-Нето добивка 34.429.723,00 денари

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се применува од 31.12.2018 година

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ОСМА ТОЧКА.**Председавачот предложи да се премине кон работниот дел од дневниот ред од осмата точка од дневниот ред, Предлог -одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола кои се читаат.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Предлог -одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола се објавени на интернет страницата на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и истите беа ставени на увид на сите акционери и се составни делови на материјалите за ова Собрание. Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија,и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка .-------------------------------------------------------------------------------

Акционерите со 239.455 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната-----------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------**О Д Л У К А**----------------------------------------------------------

**за употреба и распроредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола,со што остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година во износ од 34.429.723,00 денари ја распоредува како што следува :

- 34.429.723,00 денари се распоредува во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕВЕТТА ТОЧКА.**Председавачот предложи да се премине кон работниот дел од дневниот ред од деветата точка од дневниот ред, Предлог -одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола која се чита.-------------------------------------------------------

Предлог -одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола е објавена на интернет страницата на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и истите беа ставени на увид на сите акционери и се составни делови на материјалите за ова Собрание.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги извести присутните дека на ден 29.05.2019 година од страна на Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија е доставено Решение со кое се Издава претходна согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола ,предвидена во Предлог -одлуката за измена и дополнување на Статутот на Банката НО.бр. 02-9237/1/II-1 од 17.05.2019 година ,донесена од Надзорниот одбор на Банката и истиот напомена дека за донесување на оваа одлука потребно е 50 % плус една акција од вкупно издадените акции од Стопанска банка а.д. Битола односно од 390314 акционери со право на глас (обични акции)--------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка ја стави на гласање .----------------------------

Акционерите со 239.455 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------**О Д Л У К А**---------------------------------------------------

**за усвојување на измената и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополна на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), донесен од страна на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола под СО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година.

**Член 2**

Во Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година, зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

**Член 3**

**Во член 8, во ставот 2, зборовите "На 27.11.2011 година" се бришат и истиот гласи:**

"Почетниот капитал (основната главнина) е составен од 390.977 обични акции, со номинална вредност од ден. 3.000,00 по една акција."

**Член 4**

**Во член 13, став 2, алинеја 1а) се менува и истата гласи:**

"1а) кое не поседува репутација и кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата и/или има соработник кој е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата."

**Член 5**

**Член 14, се менува и истиот гласи:**

"Акционерите на Банката одговараат неограничено и солидарно за обврските на Банката во случаите, ако:

- ја злоупотребиле Банката како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;
- ја злоупотребиле Банката како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;
- спротивно на законот, располагале со имотот на Банката како со свој сопствен имот или
- во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на Банката, а знаеле или морале да знаат дека Банката не е способна да ги изврши своите обврски спрема третите лица."

**Член 6**

**Член 43, став 3 се менува и истиот гласи:**
`Собранието на Банката со одлуката за именување на членовите на Надзорниот одбор го утврдува и месечниот надоместок за учеството и работа на седниците на членовите и претседателот на Надзорниот одбор."

**Член 7**

**Во член 47, став 9 по зборовите "го свикува" се додаваат зборовите "Управниот одбор" и истиот гласи:**
"Собранието на Банката го свикува Управниот одбор, Надзорниот одбор на Банката со мнозинство на гласови од своите членови, по своја иницијатива или по барање на акционер на Банката."

**Во член 47, став 12 пред зборовите "Надзорниот одбор" се додаваат зборовите "Управниот одбор" и истиот гласи:**
"Управниот одбор, Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено."

**Член 8**

**Во член 48, став 1 по зборовите "книгата на акции" се додаваат зборовите "според изводот од акционерската книга којшто не е постар од три дена до денот на испраќање на поканата" и истиот гласи:**
`Собранието на Банката се свикува со испраќање на покана до сите акционери, чии акции се запишани во книгата на акции, според изводот од акционерската книга којшто не е постар од три дена до денот на испраќање на поканата, на начин кој овозможува да се потврди дека поканата е испратена до секој акционер, со датум кога е испратена и примена."

**Член 9**

**Во член 49, став 1, алинеја 7 по зборовите "предложените одлуки за донесување " се додаваат зборовите "или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на Банката по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието наБанката" и истата гласи:**
"7) адресата на интернет-страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите за содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на Собранието, вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување, или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на Банката по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на Банката, предложените одлуки од акционерите кои по приемот потребно е да се објават, обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со коресподенција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите."

**Член 10**

**Во член 51, став 1 по зборовите "го подготвува" зборовите "Надзорниот одбор" се заменуваат со зборовите "Управниот одбор" и истиот гласи:**
"Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува Управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на Собрание."

**Во член 51, став 3, по зборовите "одржување на Собранието" зборовите "Надзорниот одбор " се заменуваат со зборовите "Управниот одбор" и истиот гласи:**

"Списоците означени во претходниот став, пред почетокот на одржување на Собранието, Управниот одбор односно лицето овластено за свикување на Собранието ги споредуваат со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.".

**Член 11**

**Во член 56, во ставот 4 реченицата која се повторува два пати: "Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на Собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието" се брише и истиот гласи:**

"Акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку телефон или преку друго електронско средство коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку којшто може, на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Банката и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може, со сигурност, да се евидентира извршеното гласање. Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на Собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на Собранието."

**Член 12**

**Во член 69, став 5 алинеја 1, зборовите "ја усвојува деловната политика и" се бришат и истата гласи:**

1)го усвојува развојниот план на Банката;

**Во член 69, став 5 алинеја 39 се брише.**

**Алинеите: 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57 и 58 стануваат 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56 и 57.**

**Член 13**

**Во член 86, став1 алинеја 5 по зборот "одговорности" се додаваат зборовите " , со исклучок на директорот на Секторот за внатрешна ревизија" и истата гласи:**

" 5) ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, со исклучок на директорот на Секторот за внатрешна ревизија во согласност со одредбите од Законот за банките и Статутот на Банката;

**Во член 86, став 1 алинеја 19 се брише.**

**Алинеите 20, 21, 22, 23, 24 и 25 стануваат 19, 20, 21, 22, 23 и 24.**

**Член 14**

**Во член 104, став 2 зборот "неизложување" се заменува со зборот "изложување" и истиот гласи:**

"Ризик од неусогласеност е ризик од изложување на Банката на правни или регулаторни санкции и ризик од настанување на финансиски загуби и загрозување на угледот на Банката, како последица на неусогласеноста на работењето на Банката со прописите."

**Член 15**

**Во член 110 став 2 по зборовите "еден дневен весник" се додаваат зборовите "и во "Службен весник на Република Северна Македонија" и истиот гласи:**

`Банката, извештајот за извршената ревизија и годишните финансиски извештаи, заедно со белешките кон извештајот ги прави достапни до јавноста и ги објавува билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за промена на капиталот, извештајот за парични текови и извештајот на ревизорот кон годишните финанасиски извештаи, во најмалку еден дневен весник и во `Службен весник на Република Северна Македонија", а во рок од 15 дена од усвојувањето на извештајот од страна на Собранието на Банката."

**Член 16**

**Во член 112, став 3, по алинеја 2 се додава нова алинеја 2-а), и истата гласи:**
"2-а) ако податоците за приливи на средства на сметки на физички лица се соопштуваат на Управата за јавни приходи, во согласност со закон;"
**Во член 112, став 3, во алинеја 3 по зборот: `надлежности" се додаваат зборовите: "во согласност со закон" и истата гласи:**
"3) по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности, во согласност со закон;"
**Во член 112, став 3 по алинеја 6 се додава алинеја 6-а, и истата гласи:**
"6-а) на писмено барање на Царинската управа за водење на постапки кои се во рамките на нејзината надлежност, во согласност со закон;".

**Член 17**

**Во член 118, став 6 по зборовите "директор на Сектор" се додаваат зборовите " , со исклучок на директорот на Секторот за внатрешна ревизија" и истиот гласи:**
"Управниот одбор може да разреши директор на Сектор, со исклучок на директорот на Секторот за внатрешна ревизија и пред истекот на мандатот предвиден во став 4 од овој член, во случаите предвидени со договорот склучен помеѓу Управниот одбор и директорот на Секторот. По оценка на Управниот одбор, директорот на Секторот може да биде разрешен и без вина."

**Член 18**

**Во член 119, став 2 точката 2а) се брише.**
**Во член 119, став 2 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 и истата гласи:**
"3) кое не поседува репутација и кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека траат правните последици од пресудата;".
**Алинеите: 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат: 4, 5, 6, 7 и 8.**
**Во член 119, по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:**
"Член на Управен одбор на банка ќе се смета дека не поседува репутација и кога има соработник лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата.".
**Во член 119, став 6 кој станува став 7, зборовите "точка 6" се заменуваат со зборовите "точка 7" и сега гласи:**
"Ограничувањата од ставот 2 точка 7) и ставовите 3, 4 и 5 на овој член, не се однесуваат на членство во:
1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2)во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство. "
**Ставовите 7 и 8 стануваат 8 и 9.**

**Член 19**

**Во член 132, став 1 реченицата која се повторува два пати: "Банката во своето седиште задолжително ги чува следниве акти и документи:" се брише.**

**Член 20**

**Член 144, став 1 се брише.**

**Член 21**

Оваа Одлука стапува во сила по усвојување на измената на Статутот од страна на Собранието на Банката и по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Откако се исцрпи дневниот ред ,Председавачот им се заблагодари на присутните акционери и 44 -тата седница на собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола ја прогласи за затворена во 13,00 часот.----------------------------------------------------------------------------------------------

Пресседавач на Собранието на акционерии

с.р.

-------------------------------------------------------------------

Томислав Давков

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Јас Нотар **АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието.----------------------------
Председавачот со акционерското собрание Г-дин Томислав Давков го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието.------------------------------------
Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 12 листа и на 12 страни.---------------------------
Изворникот со придружната документација останува кај нотарот,а Стопанска банка а.д. Битола добива 3 изводи.----------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси во врска со член 158 став 3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена.-----------------------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во изнсо до 12.000,00 денари и трошоци 1.080,00 денари ,согласно чл.41 и 52 од Нотарска тарифа.-----------------------------------------------------------------------------
**ОДУ бр. 229/19**---------------------------------------------------------------------------------------------------
Битола 29.05.2019 - дваесет и деветти мај две илјади и деветнаесетта година--------------------------

Томислав Давков с.р.

-------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА БИТОЛА

Јас НОТАР, АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА
за подрачјето на Основен суд Битола

потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е **прв** извод – потполн – во изводок, кон кого **не се приложени** преписи од прилогот на нотарската исправа и овој извод нема својство на извршна исправа.

Број: ОДУ 229/19

Во Битола 29.05.2019 година НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА
БИТОЛА